# СЛУЖБЕ Н  Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА



| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Крива Паланка**<br>**Издавач : Општина Крива Паланка**<br>**Излегува по потреба** | **Број 9**<br><br>**30.09.2019** | **Гласникот е бесплатен** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа „ Службен весник на РСМ” бр.5/2002 год. И член 29 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ; „ Службен весник на РСМ” бр. 61/04 ; 96/04 ; 67/07 ; 156/0/ ; 47/11 и 192/15 ; 209/18 и член 14 од Статутот на општина Крива Паланка ( „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ бр. 08/10 ; 08/14 ; 02/18 ; 3/19 , Советот на Општина Крива Паланка на 28- таседница одржана на ден 27. 09. 2019 година , донесе :

**ОДЛУКА**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2019 ГОДИНА**

- **Општ дел**

**Член 1**

Буџетот на Општина Крива Паланка за **2019** година, се состои од :

| | | | **БУЏЕТ** | **РЕБАЛАНС** |
|---|---|---|---|---|
| **I.** | **Вкупно приходи** | | **371.682.567** | **361.034.570** |
| | Даночни приходи | | 45.620.000 | 45.620.000 |
| | Неданочни приходи | | 14.390.000 | 14.390.000 |
| | Капитални приходи | | 34.980.000 | 34.980.000 |
| | Приходи од дотации | | 176.290.000 | 176.290.000 |
| | Приходи од трнсфери | | 75.291.449 | 75.799.226 |
| | Приходи од донации | | 14.463.121 | 24.603.341 |
| **II.** | **Вкупно расходи** | | **415.073.808** | **404.420.867** |
| Од утврдени намени | | 404.120.867 | 414.773.808 | |
| | Расходи од резерви | | 300.00 | 300.000 |
| **III. Дефицит** | | | **- 43.386.297** | **- 43.391.241** |
| **IV. Финансирање** | | | **43.386.297** | **43.391.241** |
| **Прилив** | | | **48.546.297** | **48.546.297** |
| Приливи од домашни заеми | | 0 | | 0 |
| | Приливи од странски заеми | | 0 | 0 |
| Депозити | | | 48.546.297 | 48.546.297 |

| | | |
|---|---|---|
| **Одлив** | **5.160.000** | **5.155.056** |
| Отплата на главница | 5.160.000 | 5.155.056 |

**Член 2**

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ .

**Бр.09- 3053/3**
**27. 09 . 2019 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2019 година**

1. Се објавува Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2019 година ,штоСоветот ја донесе на 28-та седница,одржана на ден27.09.2019 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3053/4**
**30.09.2019 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 14, став 1, точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка (пречистен текст), („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10,08/14,02/18 и 03/2019), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 27.09.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Извештај за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2018/2019 година**

**Член1**

Со оваа Одлука се усвојува Извештај за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2018/2019 година, што Советот ја донесе на 27-та седница, одржана на 27.09.2019 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3053/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.09.2019 год.** **Претседател,**
**Крива Палнака** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за усвојување на Извештај за зимско одржување на улиците,тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за**

**2018-2019 година**

1. Се објавува Одлука за усвојување на Извештај за зимско одржување на улиците,тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2018-2019 година ,штоСоветот ја донесе на 28-та седница,одржана на ден27.09.2019 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3053/6** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.09.2019 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 14, став 1, точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка (пречистен текст), („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10,08/14,02/18 03/2019 ), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 27.09.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Програма за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2019/2020 година**

**Член1**

Со оваа Одлука се усвојува Програма за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2019/2020 година, што Советот ја донесе на 27-та седница, одржана на 27.09.2019 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09- 3053/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.09.2019 год.** **Претседател,**
**Крива Палнака** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за усвојување на Програма за зимско одржување на улиците,тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за**

**20189-2020 година**

1. Се објавува Одлука за усвојување на Програма за зимско одржување на улиците,тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2019-2020 година ,штоСоветот ја донесе на 28-та седница,одржана на ден27.09.2019 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3053/8**
**30.09.2019 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/2002), и член 38-г од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 08/2010, 08/2014 ,02/2018 и 03/2019), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 27.09.2019 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување на членови на Советот на млади на Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Со ова решение се разрешува членовите на Советот на млади на Општина Крива Паланка

1.Влатко Младеновски

2.Коста Спасовски

3.Менде Ристовски

4.Ана Петковска

5.Елеонора Маџовска

6.Викторија Стаменковска

7.Стефан Вучевски

**Член 2**

Членовите се разрешуваат поради нивна неактивност и неисполнување на нивните цели и задолженија кои што се во нивна надлежност.

**Член 3**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09 -3053/9**
**27.09.2019 год**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за разрешување на членови на Советот за млади на Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Решение за разрешување на членови на Советот за млади на Општина Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 28-та седница,одржана на ден 27.09.2019 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3053/10**
**30.09.2019 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/2002), и член 38-г од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.08/2014, 08/2014 ,02/2018 и 03/2019 ), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 27.09.2018 година донесе

**О Д Л У К А**

**За распишување јавен повик за предлагање на кандидати за избор на членови на Совет на млади на Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност за распишување на јавен повик за предлагање на кандидати за членови на Совет на млади на Општина Крива Паланка.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-3053/11**
**27.09.2019 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за распишување јавен повик за предлагање на кандидати за избор на членови на Совет за млади на Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за распишување јавен повик за предлагање на кандидати за избор на членови на Совет за млади на Општина Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 28-та седница,одржана на ден 27.09.2019 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3053/12** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.09.2019 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член106 став 2 одд Законот за основно образоване (Сл.Весник на РМ бр.103/08,33/10,116/10,42/11,116/14 и 161/19) и член 14, став 1, точка 26 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка„ бр. 8/10, 08/2014,02/2018 и 03/2019), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 27.09.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување член на Училишен одбор на ООУ „Илинден“ - Крива Паланка**

1. Се разрешува Билјана Димитриевска –Николовска од член на Училишниот одбор наООУ „Илинден “ –Крива Паланка согласно законските измени на Законот за основно образование .

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09 –3053/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.09.2019 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за разрешување на член на Училишен одбор на ООУ ,,Илинден’’ –Крива Паланка**

1. Се објавува Решение за разрешување на член на Училишен одбор на ООУ ,,Илинден'' – Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 28-та седница,одржана на ден 27.09.2019 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3053/14**
**30.09.2019 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02) и член 14 став 1 точка 11 и 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10, 08/14, 02/18 и 03/19), а во врска со член 141 и 142 од Законот за Социјална заштита („Службен весник на РСМ бр.104/19),Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 27.09.2019година, донесе

**О Д Л У К А**

**за формирање Општински совет за социјална заштита**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Општински совет за социјална заштита.

**Член 2**

Општинскиот совет за социјална заштита е составен од претставници на општинската администрација, центарот за цсоцијална работа, даватели на услуги, здруженија, верски заедници и други правни и физички лица кои вршат дејност на социјална заштита, установи од областа на образованието, здравствената заштита, вработувањето, полиција или јавно обвинителство, од подрачјето на Општина Крива Паланка.

**Член 3**

Општинскиот совет за социјална заштита брои 11 (единаесет) членови.

**Член 4**

Мандатот на членовите на Општинскиот совет за социјална заштита е во траење од 4 (четири) години, со право на повторен избор.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од со денот на донесувањето, аистата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр. 09-3053/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.09.2019 година** **Претседател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за формирање Општински совет за социјална заштита**

1. Се објавува Одлука за формирање Општински совет за социјална заштита,што Советот ја донесе на 28-та седница,одржана на ден 27.09.2019 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3053/16** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.09.2019 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02) и член 14 став 1 точка 11 и 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10, 08/14, 02/18 и 03/19), а во врска со член 141 и 142 од Законот за Социјална заштита („Службен весник на РСМ бр.104/19), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 27.09.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување членови на Општински совет за социјална заштита**

**Член 1**

За членови на Општинскиот совет за социјална заштита се именуваат:

- **Елена Христовска** –претставник од Општина Крива Паланка

- **Жаклина Димитриевска** – претставник од ЈУ Меѓуопштински Центар за социјални работи Крива Паланка
- **Михајло Колев** – претставник од ЦИПЛИП „Порака“
- **Дарко Пешевски** –претставник од Црвен Крст- Крива Паланка
- **Сретимир Николовски** –претставник од ЈЗУ Здраствен Дом „Димитар Арсов“ – Крива Паланка
- **Снежана Јакимовска** – претставник од ООУ „Илинден“ Крива Паланка
- **Марина Митовска Јакимовска** – претставник од ООУ „Јоаким Крчовски“ Крива Паланка
- **Славка Величковска** –претставник од СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка
- **Бранко Тодоровски** –претставник од ОУД „Боро Менков“ Крива Паланка
- **Сашка Пешовска**–претставник од ОЈУДГ „Детелинка“ Крива Паланка
- **Орце Трајановски**–претставник од МВР Крива Паланка

**Член 2**

Членовите на Општинскиот совет за социјална заштита се именуваат со мандат во траење од 4 (четири) години, со право на повторен избор.

**Член 3**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3053/17** — **Совет на Општина Крива Паланка**
**27.09.2019 година** — **Претседател**
**Крива Паланка** — **Изабела Павловса с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за именување на членови на Општински совет за социјална заштита**

1. Се објавува Решение за именување на членови на Општински совет за социјална заштита,што Советот ја донесе на 28-та седница,одржана на ден 27.09.2019 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3053/18** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.09.2019 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 28 од Законот за средно образоване (Сл.весник на РМ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08,33/10, 116/10, 156/10, 18/10, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/2016, 127/2016, 67/2017и 64/2018) член 14 ст.1 точка 11 и 41 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.8/10, бр. 08/2010, 08/2014 ,02/2018 и 03/2019 ) Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 27.09.2019 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За давање согласност на барањето за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2019/2020 година за СОУ „Ѓорче Петров“**

**Член 1**

Советот на општина Крива Паланка на Средното општинско училиште Ѓорче Петров од Крива Паланка дава согласност за формирање на паралелки со помал број од 25 ученици за учебната 2019/2020 година.

**Член 2**

Советот на Општина Крива Паланка дава согласност по претходно прибавено позитивно мислење од Министерството за образование и наука бр.13-9501/12 од 29.08.2019 година.

**Член 3**

Министерството за образование и наука дава позитивно мислење, а Советот на Општина Крива Паланка согласност за следните паралелки:

-Една паралелка, прва година, гимназиско образование природно-математичко подрачје комбинација А на изборни предмети (на македонски наставен јазик) со 18 ученици

-Една паралелка, прва година, гимназиско образование природно-математичко подрачје комбинација А на изборни предмети (на македонски наставен јазик) со 17 ученици

-Една паралелка, прва година, гимназиско образование природно-математичко подрачје комбинација Б на изборни предмети (на македонски наставен јазик) со 18 ученици

-Една паралелка, прва година, гимназиско образование општествено-хуманистичко подрачје комбинација А на изборни предмети (на македонски наставен јазик) со 15 ученици

-Една паралелка, прва година, гимназиско образование општествено-хуманистичко подрачје комбинација А на изборни предмети и јазично-уметничко подрачје комбинација А на изборни предмети (на македонски наставен јазик) со 15 ученици

-Една паралелка, прва година, машинска струка образовен профил машински техничар ( на македонски наставен јазик) со 14 ученици

-Една паралелка, прва година, машинска струка образовен профил автомеханичар (на македонски наставен јазик) со 5 ученици.

-Една паралелка, прва година, угостителско-туристичка струка, образовен профил готвач (на македонски наставен јазик) со 6 ученици

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09- 3053/19**
**27.09.2019година** **Совет на општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука задавање согласност на барањето за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2019-2020 година за СОУ ,,Ѓорче Петров’’**

1. Се објавува Одлука за давање согласност на барањето за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2019-2020 година за СОУ ,,Ѓорче Петров’’,што Советот ја донесе на 28-та седница,одржана на ден 27.09.2019 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3053/20** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.09.2019 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевскис.р**

# Содржина

Предговор 2

Методологија 3

Статистика 4

Општа статистика од пополнетите прашалници 6

**ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ – ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА** 10

**ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ – КУЛТУРА И КРЕАТИВНОСТ** 24

**ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ – СОЦИЈАЛНИ СТАНДАРДИ И СОЦИЈАЛНО ВКЛУЧУВАЊЕ** 26

**ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ – МИГРАЦИЈА** 27

**ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ – УРБАНИЗАМ** 27

**ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ – ИНФОРМИРАНОСТ** 28

**ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ – ЗДРАВЈЕ И БЛАГОСОСТОЈБА, ЗДРАВСТВЕНА ПРЕВЕНЦИЈА** 30

**ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ – МЛАДИНСКО УЧЕСТВО** 31

**ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ – МЛАДИНСКО ВРАБОТУВАЊЕ** 32

**ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ - СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** 20

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ за периодот 2019 - 2024 година** 22

МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА 45

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 46

**СТРАТЕШКА МАТРИЦА - табеларен приказ**36

## Предговор

Стратегијата за млади на Општина Крива Паланка има за цел да ја унапреди положбата на младите, примената на нивните права и преку цел низ активности да се влијае врз континуирано зголемување на квалитетот на живот на младите луѓе во Крива Паланка.

Стратегијата е работена како дел од проектот „Промоција на младинскиот активизам преку креирање на институциска платформа за младински потреби“ финансиран од Европската Унија со подршка на Општина Крива Паланка, и спроведен од „Центарот за младински иницијативи ЦИК-ЦАК“. Воедно делот од стратегијата кој се однесува на спортот е изработен од страна на „ТАКТ“ со подршка на Општина Крива Паланка и финасиран од Германското друштво за меѓународна соработка GIZ.

Со Стратегијата ќе се воспостави долгорочна и стратешка определба на општина Крива Паланка да работи и делува во правец на унапредување на младинските прашања и на задоволување на младинските потреби.

Со овој документ треба да се зацврстат заложбите на општина Крива Паланка младите да бидат дел од процесите на носење на одлуки на секоениво каде се засегнати, како и да ги вклучи сите млади во спроведувањето на активностите и во остварувањето на нивните права. Оваа стратегијатреба да овозможи поквалитетен живот на младите во општина Крива Паланка и тие да станат партнер на општината при соочувањето со сите предизвици во иднина.

## МЕТОДОЛОГИЈА

Областите кои се претставени како приоритетни за решавање во наредниот период се добиени преку посебна методологија, односно преку дистрибуција на прашалници и анализа на сите постоечки истражувања и документи кои се однесуваат на национално и на општинско ниво. За да може соодветно да се пристапи кон подготовката на прашалникот и да се изберат соодветните области кои ќе ги опфаќа овој прашалник, на самиот почеток беше спроведена анализа на постојните и на релевантните документи во земјава кои се однесуваат на младински проблеми и прашања.

По подготвената анализа беше дизајниран и прашалник, чија цел беше да го испита мислењето на младите во Општина Крива Паланка на најразлични теми за да може да се опфатат најголемите предизвици и најитните прашања за решавање на локално ниво.

Анкетата т.е истражувањето беше организирана и спроведено по однапред развиена и утврдена методологија со користење на инструментот – Анкетен Прашалник.

Беше дефинирана целта на истражувањето т.е. идентификување на главните потреби и предизвици кои ги засегаат младите во Општина Крива Паланка и тоа во различни области кои што се во надлежност на општината. Со подготвувањето на прашалникот и неговото спроведување на два начини: со директен пристап и подготвена онлајн анкета, се генерираа мислењата и ставовите на младите од Општина Крива Паланка.

Анкетата со младите беше спроведена во периодот на месец Февруари, 2019 година.

Целната група на ова истражување генерално беа млади на возраст од 15 до 29 години во општина Крива Паланка како и Младинскиот Совет при Општина Крива Паланка, Спортски клубови и Младински и други невладини организации.

**Методолошки пристап на анкетата**

- Дизајн на примерок на прашалник за печатење кој се користи за добивање на поголема објективност на истражувањето каде дел од прашалниците се пополнуваат директно од испитаниците со помош од ангажирани анкетари, и истите се вметнати во „online“ базата на податоци;
- Подготовка на “Online” анкетен прашалник за да се добијат поголем број на одговори, со користење на сите можности за праќање на покана за „online“ пополнување;
- Запазување на принципите на репрезентативен примерок, селектиран од вкупниот број на млади во општината Крива Паланка, со очекуван број на испитаници од 250;
- Видовите на прашања се подготвени согласно стратешките области т.е. секторите и пренесените надлежности на ЕЛС;
- Прашањата се подготвени со цел рангирање на состојбата со: Целосно се согласувам, Делумно се согласувам; Воопшто не се согласувам, Не сум информиран-а / немам став;

Варијабли и различните перцепции – Се имаше предвид да се направи опфат на различните мислења согласно Местото на живеење (град или село), Етничката припадност, Возраст, Пол, Образование и Статусот на вработување.

Беа одржани и 4 работилници за Стратешко Планирање во кои се направија соодветни анализи како SWOT, PESTи Матрица на опфат. На работилниците земаа активно учество повеќе од 20 претставници од средното училиште, локалната самоуправа, спортските клубови, културните институции, бизнис секторот и граѓанските здруженија активни на територијата на Општина Крива Паланка.

Заклучоците од дискусиите на овие работилници како и резултатите од направените вежби и анализи се инкорпорирани во оваа стратегија и се во иста линија како и резултатите од анализираните одговори од 250-те прашалници.

За да може да се постигнат стратешките приоритети и целокупните определби во согласност со предвидените области во стратегијата, Општина Крива Паланка со активно учество на Младинскиот совет и други засегнати страни, ќе изработува акциони планови кои ќе вклучуваат специфични активности и акции.

## СТАТИСТИКА

**Во Општина Крива Паланка живеат 19832 жители од кои 22.3% се младите на возраст од 14-29 години.**

**Во учебната 2017-2018 во Средното училиште имало 608 ученици од кои 42,2% се од женски а 57,7 се од машки род.**

**Во основните училишта имало 1578 ученици од кои 50.7% од женски а 49,3% од машки пол.**

**Во Општина Крива паланка има 2 основни училишта, со 12 подрачни училишта, едно уметничко училиште и едно средно училиште.**

**Во 2016 имаат дипломирано 88 жители од кои 36 мажи и 52 жени.**

**Од вкупниот број на отселени лица кој е 89, 43 лица се млади на возраст од 15 -29 години.**

## Општа статистика од пополнетите прашалници

Во процесот на собирање на релевантни податоци кои би послужиле за подготвување на стратегијата за Млади на Општина Крива Паланка, беа дистрибуирани 249 прашалници. Анкетниот прашалник[1] во себе содржеше отворени и затворени прашања од следниве 9 области:

1. **ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**
2. **КУЛТУРА И КРЕАТИВНОСТ**
3. **СОЦИЈАЛНИ СТАНДАРДИ И СОЦИЈАЛНО ВКЛУЧУВАЊЕ**
4. **МИГРАЦИЈА**
5. **УРБАНИЗАМ**
6. **ИНФОРМИРАНОСТ**
7. **ЗДРАВЈЕ И БЛАГОСОСТОЈБА, ЗДРАВСТВЕНА ПРЕВЕНЦИЈА**
8. **МЛАДИНСКО УЧЕСТВО**
9. **МЛАДИНСКО ВРАБОТУВАЊЕ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО**

Во воведниот дел на прашалникот „Општи информации“, добиени се следниве резултатикои даваат одредена слика за структурата на испитаниците:

- Поголемиот дел од испитаниците (84%) се од урбано подрачје, односно од Крива Паланка, додека 16% се од руралните населби во општината.
- По етничка припадност доминираат Македонците со 97.19%. Останатите се етнички Роми, Срби и друго.
- 18% од испитаниците се на возраст од 15 години додека 12% се на возраст од 16 години. Останатите испитаници се на возраст од 17 до 29 години.
- Учениците од средното образование учествувале со 66% во пополнувањето на прашалникот, додека пак студентите со 18%. Останатите испитаници биле со вишо, високо и основно образование. Во мал процент од нив се со магистерски студии.
- 55% од испитаниците се машки а 45 женски, од кои 80% невработени и 20% вработени.

[1]Анекс 1 – Анкетен прашалник


1. Место на живеење
Series1; Село во Општина Крива Паланка; 39; 16%
Series1; Град Крива Паланка; 210; 84%
Град Крива Паланка
Село во Општина Крива Паланка


Series1; Србин
Series1; Друго 0.81%; 2; 1%
Series1; Македонец 97.58%; 242; 98%
Македонец 97.58%
Ром 1.21%
Србин 0.40%
Друго 0.81%


Series1; 28
Series1; 29
год.; 12%; 13%
Series1; 16
год.; 4%; 4%
Series1; 26 год.; 5%; 5%
Series1; 25 год.; 4%; 4%
Series1; 24 год.; 6%; 6%
Series1; 17
год.; 18%; 18%
Series1; 23 год.; 5%; 5%
Series1; 22 год.; 6%; 6%
Series1; 21 год.; 2%; 2%
год.; 3%; 3%
Series1; 18 год.; 10%; 10%
15 год.
16 год.
19 год.
20 год.
21 год.
22 год.
23 год.
24 год.
26 год.
27 год.
28 год.
29 год.


Series3; Друго;
студии и погоре; 3%; 3%
одделение; 1%; 1%
Series3; ВСО; 18%; 18%
Series3; ВСО – студент; 11%; 11%
Series3; Вишо образование; 0%; 1%
Series3; Средно образование; 66%; 66%
Основно - 9 одделение
Средно образование
Вишо образование
ВСО – студент
ВСО
Магистерски студии и погоре
Друго







Во следниот дел од Стратегијата за Млади на Општина Крива Паланка се наоѓа анализата, со фокус на најистакнатите проблеми на кои треба да работат Општина Крива Паланка и Младинскиот Совет во следниот период. За секоја област е направена анализа согласно постоечките документи кои реферираат на состојбата на младите на локално ниво, статистички податоци, и пред се од анализата на прашалниците кои се спроведени.

# ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Во Македонија сеуште трае процесот на целосна децентрализација и овозможување на општините да бидат самостојни во својата работа. Образованието е една од примарните категории во кои се одвива децентрализацијата. Со досегашните процеси и реформи кои се случија во децентрализацијата и се поврзани со образованието се стави фокус на пренесување на сопственоста на училиштата од централната на локалната власт, распределувањето на финансии и финансиски средства, изборот на директори на училиштата, како и организацијата на превозот за учениците. Општините добија поголема самостојност во однос на образованието но сепак се појавија и некои проблеми и предизвици: некои од училишните објекти беа преземени во многу лоша состојба, непостоење на катастарска евиденција, недостаток на административен капацитет за менаџирање и за планирање средства, невклучување на општините во креирањето на содржините за средното образование, недостаток на координација со централната власт и слично.

Во Општина Крива Паланка функционираат 2 основни централни училишта со 12 подрачни училишта и едно средно училиште.

Според добиените одговори најголемиот дел од испитаниците сметаат дека во наредниот период, стратешки поставено, училиштето и општината треба да работат кон остварување на заеднички цели во насока на обезбедување на соодветно образование на младите.

Следат 17% од испитаниците кои имаат став дека неформалното образование (обуки, летни кампови, семинари) треба да се соодветни со потребите на младите и младите да бидат заинтересирани и да се вклучуваат во ваквите активности кои во голема мерка на долгорочен план би ги подобриле и нивните шанси за вработување. 15% би сакале да има повеќе програми/активности за обука за развој на лидерство кај младите и вклучително и средношколците да учествуваат во истите. Како трет приоритет во образованите процеси зазема инклузивното образование со 13% испитаници кои сметаат дека се потребни повеќе иницијативи за соодветно вклучување во образовниот процес на децата со специфични потреби и интереси (талентирани, натпросечно интелигентни деца, хиперактивни деца, итн). Инфраструктурно гледано проширување на библиотечниот фонд и на самите библиотеки би сакале 12% од испитаниците а 11% сметаат дека се неопходни нови директни инфраструктурни инвестиции во училиштата и обнова на нагледните средства.




# КУЛТУРА И КРЕАТИВНОСТ

Културно-рекреативниот живот и културната понуда за младите луѓе во Крива Паланка, којашто треба да опфаќа музика, театар, филм, книжевност, издаваштво, сликарство, вајарство, современ танц и слично бара освежување и збогатување. И покрај широкиот опфат на оваа област, сепак, голем дел од испитаниците сметаат дека понудата најчесто се сведува на спортско – музички манифестации. Потребата од создавање на нови можности за младите да се вклучат во креативни културни практики / настани (кои не се поврзани со најчесто одржуваните спортски и рекреативни училишни настани) е потенцирана од 33% од испитаниците. Курсеви за стекнување со практично знаење (пр. часови за цртање, свирење на инструмент, пеење, фотографија, танц и сл.) би сакале да посетуваат 24% од испитаниците. 12% бараат да се одржуваат настани кои поддржуваат уметност, музика, литература и сл. Дел од младите (9%) чувствуваат дека не се доволно и навремено информирани кога се организира некој настан од областа на културата. 8%

чувствуваат потреба да го надминат меѓу-генерацискиот јаз со тоа што во општината би се одржувале настани и активности, кои вклучуваат членови на повеќе генерации, ист процент на испитаници смета дека проектите/активностите во општината треба да покажуваат почит кон различните култури на членовите на заедниците и само 7% сметаат дека младите го осознаваат наследството на општината преку приказни, интеракција со постарите граѓани, културни настани итн.



# СОЦИЈАЛНИ СТАНДАРДИ И СОЦИЈАЛНО ВКЛУЧУВАЊЕ

Социјалниот стандард во себе вклучува прашања кои во голема мерка се однесуваат на младите, почнувајќи од процесот на вработување, па сé до процесот на основање сопствен дом. Во голем број од развиените општества, овие прашања се решени или пак помогнати од страна на државата со различни мерки и активности кои имаат за цел значително да го олеснат социјалниот живот на младите.

Младите во Општина Крива Паланка чувствуваат дека и во својата заедница оваа пракса треба да си најде свое место. Дури 29% се изјасниле дека во наредниот период Општината треба да овозможува различен тип на социјални бенефиции за младите а 20% да обезбедува лидерски можности за младите да работат како лидери (на раководни места) заедно со возрасните. Недостигот на информираност за младите е евидентен и во оваа област бидејќи 17% сметаат дека тоа треба да биде приоритет. Можноста младите да можат да си овозможат сопствено место за живеење во општината е фокус на 16% од испитаниците. Младите кои размислуваат и имаат поразлични перспективи од останатите треба да имаат подеднакви можности, сметаат 12% од испитаниците и 6% бараат во општината, жените, маргинализираните групи и малцинствата да бидат прифатени во сите видови лидерски (раководни места) улоги.



# МИГРАЦИЈА

Миграциите може да предизвикуваат најразлични текови во локалната и регионалната економија, и да влијаат и врз стандардот во едно општество, како и врз квалитетот на животот којшто ќе го живеат младите во одредени региони. Општина Крива Паланка секако дека не е исклучок од ова.

Дури 45% од испитаниците сметаат дека треба да се превземе нешто за да се спречи иселувањето на младите во други држави каде што има примамливи понуди за работа и за студирање. Младите во 35% сметаат дека во општината има недостиг од дијалог во кои би се посочиле причините и од другата страна опциите за останување во општината по дипломирањето. Во иста насока младите сметаат дека општината треба да ги поздравува младите луѓе кои остануваат или се враќаат во општината и ги охрабруваат да се вклучат во улогите кои ги интересираат.




# УРБАНИЗАМ

За да младите функционираат непречено во своето секојдневие, потребно е пред се да имаат и физички услови за тоа. Тие услови најчесто се поврзани со просторот во кој живеат и можностите кои им се нудат за поврзаност, движење или пак одмор. Овие услови во истражувањето беа опфатени во Областа Урбанизам.

Во однос на повеќето прашања за урбанизам има неутралност и најголем број испитаници (од 43% до 57%) се изјасниле со Делумно се согласувам.

Младите сметаат дека општината во наредниот период треба да води повеќе сметка за чисти зелени површини и редовно одржување на улиците во градот и патните правци до селата (29%). 20% сметаат дека 4е потребно да се работи на квалитетна инфраструктурна поврзаност на селата (патна мрежа, струја, вода, осветлување). Една од стратешките цели треба да биде и грижата за лесна пристапност на лицата со физичка и ментална попреченост до сите институции и битни објекти во градот, смета 16% од испитаниците. Осветлувањето во градот е приоритет за 15%, а зелена површина, забавни паркови за деца и отворени спортски терени треба да се приоритет според 14%. Најмал процент од испитаниците сметаат дека општината треба да поработи промените во урбанистичките планови на општината да бидат транспарентни и лесно достапни за јавноста.




# ИНФОРМИРАНОСТ

Младинското информирање, опфаќа активности и квалитетни информации кои се од интерес за младите и кои соодветно треба да бидат пренесени до нив. Истите ќе може да им помогнат во носење одлуки и во остварувањето на нивните права. Токму заради ова, младинското информирање е составено од многу активности, во кои земаат учество разни медиуми, како и институции кои треба да се дел од комуникацискиот процес помеѓу институциите и младите и обратно, како и помеѓу самите млади.

Од добиените одговори од прашалникот, 35% од младите во Општина Крива Паланка сметаат дека на младите треба да им се овозможи лесен пристап до општината и нејзините институциии (во општината да се воведе соодветен систем за младинско информирање). 14% од младите бараат да се зголеми довербата во општината, и да имаат пристап до транспарентни и отворени податоци. Со оглед на тоа дека денес во голема мерка сите ние се информираме и преку интернет, исто така 14% сакаат општината преку својата веб-страна и социјалните медиуми, да ги информира за превземени активности за активно вклучување на младите во донесување на одлуки/политики. 12% сакаат поголема информираност за сите услуги кои им ги нуди општината и нејзините институции и ист процент се на мислење дека треба да се зголеми нивото на информираност за своите права во училиште и во локалната заедница. Останатите 12% бараат младите во општината редовно да се информирани за работата на советот на млади на општината и националниот младински совет.



# ЗДРАВЈЕ И БЛАГОСОСТОЈБА, ЗДРАВСТВЕНА ПРЕВЕНЦИЈА

Истражувањата покажуваат дека здравјето и превенцијата кај младите е на задоволително ниво. Општата здравствена состојба на младите од 15 до 29 години е на задоволително ниво. Сепак, иако младите сметаат дека се наоѓаат во добра здравствена состојба, оваа област има многу предизвици со кои се соочуваат младите.

Младите во Крива Паланка приоритет даваат на подобрувањето на состојбите на недостаток на волја и зголемен степен на незадоволство кај младите, 32% се фокусирале на ова. 20% приоритет даваат на сузбивање на влијанието кое го има честото играње на игри на среќа (обложувалница, казино, бинго). Отсуството на институции кои се грижат да дадат соодветни услуги за лицата со физичка и ментална попреченост е важно за 19%, додека 17% сметаат дека треба да се зголеми свеста за негативните ефекти од пороците (дрога, алкохол, цигари) и 13% бараат квалитетна здравствена заштита во рамки на територијата на општината.



# МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

Младинско учество се интерпретира преку следниве форми:

− волонтерска работа,

− неформално образование,

− врсничка едукација,

− младински совети, парламенти, форуми и други структури – традиционаленначин на учество во процесот на донесување одлуки во рамките намеѓународни,национални, регионални или локални власти, училишта, клубови,невладини организации итн.,

− консултации – се користат во процесот на донесување одлуки, при искажувањето грижи и потреби на младите, во давањето предлози.

Кај нас во изминатите години се актуализираше младинското учество на локално ниво, односно формирањето на локалните младински совети преку работата на граѓанските организации, а во соработка со општинските власти.

Од добиените резултати моѓе да се каже дека во Општина Крива Паланка, најголемиот број на испитаниците (27%) смета дека општината треба да биде отворена за идеи од младите и да им помага да ги следат тие идеи преку спроведување на проекти за развој на самата општина. Следат оние кои сметаат дека треба да се подобри функционирањето на младински клубови/младински центри, простори за креативно изразување на младите, со 24%. Советот на млади на општината треба активно да работи на вклучување на младите, сметаат 14% од испитаниците. Приближно ист процент се на мислење дека младите е потребно да се вклучени во донесувањето на одлуки кои влијаат на иднината на општината и на политиките за млади на локално ниво. Учество на седниците на советот на општина и да ги изразат своите потреби бара 11% од младите во Крива Паланка и само 9% сметаат дека лидерите (раководителите) и организациите во општината треба да поттикнуваат транзиција на моќ на одлучување кон младите.




# МЛАДИНСКО ВРАБОТУВАЊЕ

Скоро секоја млада личност, на вработувањето гледа како еден од неколкуте важни чекори во животот особено за својата реализација и вклопување во едно општество. Вработувањето најчесто претставува и прв чекор кон достигнување финансиска и социјална независност тесно поврзан со квалитетот на животот на младите луѓе, нивната самодоверба, можностите за мобилност, но и практични одлуки поврзани со домувањето, градењето семејство и трасирањето на патот на идниот професионален и кариерен развој[2]. Сите сме свесни дека кај нас невработеноста на младите се уште е многу висока.

Во Крива Паланка, младите не се задоволни од достапната понуда на младинска работа. Висок процент од 45% бараат општината да создаде можности оваа состојба да се промени. Оваа идеја е поткрепена со дополнителни 22% од испитаниците кои се на мислење дека општината треба да поддржува програми за младинско претприемништво и настани (млади претприемачки саеми, школување, микро-бизнис проекти итн.). Учеството на вакви активности треба да биде планирано и од страна на младите претприемачи кои се активни во организации или лидер групи за следење на креативните таленти и работа со други млади претприемачи. Младинското претприемништво

[2]Национална стратегија за млади 2016-2025 година.

е потребно да биде нераскинлив дел од планот на општината за економски развој, и да вклучува младинско претприемништво како приоритет, се изјасниле 13% од испитаниците.




# СПОРТ ЗА РАЗВОЈ НА КРИВА ПАЛАНКА

Стратегијата спорт за развој (ССР) на Крива Паланка е создадена со широко локално партнерство со цел да и се даде на заедницата поддршка во своите цели за позитивни општествени промени. Документот е изграден врз хоризонталните упатства на ЕУ во врска со придонесот на спортот кон развојот на економијата, посебно насочен кон социјално вклучување и невработеност на младите. Овој документ дава иновативен пристап во користењето на спортот како алатка за развој на локалната заедница. Документот се базира на транспортот, туризмот, аспектите на пазарот на трудот на локалната политика, ставајќи посебен акцент на потенцијалот на спортот за подобрување на социјалната вклученост во заедницата.

Стратегијата се фокусира на обука и едукација на младите, истовремено зајакнувајќи ги и фокусирајќи ги ресурсите на маргинализираните групи во општеството. Исто така, стратегијата има за цел да резултира со создадени можности за генерирање приходи преку развој на спортските индустрии и спортски туризам во регионот. На крај, но не и најмалку важно, стратегијата ќе придонесе кон развојот на целата заедница со зголемување на бројот на физички активното население.

При изработката на ССР за Крива Паланка беа земени предвид три столба:

- **Вмрежување и соработка**
- **Градење на капацитети**
- **Зголемување на свеста**

Оваа стратегија се одразува на сите спортски потенцијали во Крива Паланка и на обезбедување пристапни спортски можности за сите членови на заедницата, особено за младите. Многуте спортски клубови во градот обезбедија квалитетни играчи кои ги отворија вратите за домаќин на Европски првенства во градот, но има неколку барања во поглед на инфраструктурата потребна за решавање.

Заедницата успеа да инвестира во млади луѓе и да создаде позитивни спортски лидери, особено во областа на кошарката и ракометот. Некои од клубовите обезбедија национална видливост на некои од спортските тренери на Крива Паланка и спортските работници. Затоа стратегијата е изградена со цел да се препознае, да се поддржи и поттикне важната работа што ја направиле одличните претставници во спортскиот сектор во Крива Паланка.

Стратегијата директно е насочена кон младите од Крива Паланка од 7 до 18 години, особено млади во нерамноправна положба, вклучувајќи ги младите од ромската заедница, децата без родители, децата со попреченост и децата од сиромашните области во градот и младите од обеспravените подрачја. Причините за маргинализација на младите може да бидат главно: географски (оддалечени рурални средини) кои се поврзани со образовните, социјалните, економските (нискиот животен стандард, нискиот приход, невработеноста), културните (малцинствата). Стратегијата особен акцент става и на родовата еднаквост.

Индиректно, стратегијата е насочена кон сите важни актери во спортската индустрија и спортското образование во Крива Паланка, како што се: спортски клубови и спортски организации, основни училишта и средни училишта, релевантни младински институции, спортски организации од грасрут кои дозволуваат и поддржуваат нивниот развој преку создавање на спортска програма за младинска инклузија. Исто така, поддршката на инфраструктурата на неколку спортски објекти и локации ќе обезбеди подобар ангажман на заедницата во спортот и ќе им даде можност на младите луѓе да бидат инспирирани и оспособувани преку спортот.

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ
## за периодот 2019-2024

Од направените истражувања и изработената вкрстената стратешка анализа на сите одговори по приоритетните 9 области кои беа покриени со прашалникот, како и од информациите добиени од 4[те] работилници за стратешко планирање и преку реализираните јавни расправи, организирани фокус групи, дискусии со целната група – младите, но и вклученоста на останатите засегнати страни – граѓанскиот сектор, институциите, носителите на одлуки и креаторите на политики, како и врз основа на компатибилност со останати стратешки документи и анализи од национално и локално значење, произлегуваат стратешките приоритети и можни мерки за подобрување на животот на младите во Општина Крива Паланка. А врз основа на сите информации се дефинирани и визијата и мисијата на стратегијата.

# ВИЗИЈА

***Крива Паланка е град кој нуди разновидни можности и бројни перспективи за младите, а младите имаат високо изградена општествена свест и граѓанска одговорност, при што самостојно ја креираат својата иднина, промовираат позитивни вредности и се носители на општествениот и економски развој на локално, национално и меѓународно ниво.***

# МИСИЈА

***„Стратегијата треба да продонесе за зголемување на општествената свест за младинските прашања и потреби, да го разбуди креативниот дух и да го поттикне активизмот кај младите, а воедно да придонесе кон зголемување на можностите и подобрување на капацитетите на младите луѓе во Крива Паланка“***

# SWOT Анализа

SWOT анализата за генералната состојба со младите во Општина Крива Паланка само ги потврдува резултатите од спроведената анкета.

**SWOT Анализа**

| Јаки страни | Можности |
| --- | --- |
| ○ Геостратешка положба на Крива Паланка<br>○ Големо искуство во прекугранична соработка<br>○ Еколошки чист регион | ○ ЕУ интегративен процес и пристап до ЕУ фондови и развојни програми<br>○ Изградбата на Коридор 8 |

| | |
|---|---|
| ○ Мотивирани млади<br>○ Соодветни човечки ресурси<br>○ Постоење на Младински Граѓански Организации<br>○ Постоење на економска зона<br>○ Мотивирана општинска администрација | ○ Развој на алтернативен туризам<br>○ Еколошко земјоделско производство<br>○ Отворање на граничен премин со Република Србија<br>○ Користење на можностите за развој на средното образование согласно со потребите<br>○ Културно Наследство<br>○ Стимулативна даночна политика<br>○ Национална Стратегија за млади 2016-20125 |
| **Слаби страни** | **Закани** |
| ○ Неатрактивна понуда за вработување на локално ниво<br>○ Ниска јавна свест<br>○ Одлив на кадри<br>○ Слаба финансиска моќ на населението<br>○ Немање на стратешки документи<br>○ Немање на претприемачки дух кај младите<br>○ Неразвиен услужен сектор<br>○ Недостаток на релевантни информации од сите сфери за младите<br>○ Несоодветно планирано средно стручно образование (во рамките на практичната настава) | ○ Висока стапка на невработеност<br>○ Одлив на човечки ресурси<br>○ Миграција во рамките на државата и вон неа<br>○ Намален наталитет<br>○ Ниска еколошка свест<br>○ Нефункционални земјоделски површини<br>○ Несоодветна понуда за младинска работа и волонтерство<br>○ Силни влијанија од аспект на зависности од игри на среќа |

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ

Следните стратешки приоритети и можни мерки за подобрување на животот на младите во Општина Крива Паланка, произлегоа од вкрстената анализа на сите одговори по приоритетните 9 области кои беа покриени со прашалникот како и од 4[те] работилници низ направените дискусии и стратешки анализи.Притоа покрај опфатените области во прашалникот како доста значајна приоритетна област за делување се додава спорт и рекреација за која анализите се изработени во рамки на партнерството Спорт за развој.

Главни корисници на Стратегијата за млади на Општина Крива Паланка е Општината и Советот на млади. Покрај нив стратегијата е корисна алатка и за сите останати релевантни институции на локално ниво, за граѓанските организации, бизнис секторот и други. Врз основа на Стратегијата и дефинираните стратешки цели и приоритети за секоја област кои се подетално разработени во стратешката матрица, Советот на млади заедно со одговорните лица во локалната самоуправа изготвуваат акциони планови за спроведување на Стратегијата за млади.

На прашањето за најприоритетна област добиени се следниве резултати:




Со оглед на постојната економска состојба во земјата, донекаде е и очекувано главен приоритет кон кој треба да се движат стратешките заложби на општина Крива Паланка е младинското вработување и претприемништво.

**1. Приоритетна област – Младинско вработување и претпиемништво**

Добиените податоци од локално ниво укажуваат на фактот дека младите малку се активни локално како во граѓанските здруженија така и во политичките партии. Нивната проактивност во решавање на проблемите кои ги имаат е минимална и би можела да се подобри доколку се издвојуваат повеќе средства за реализација на младинските идеи и доколку се подобри младинската информираност. Младите се малку информирани за постоењето и делувањето на младинските организации во нивната општина. Испитаниците потенцираат дека потребата за работа е приоритетна кај младите во сите општини, а потоа следуваат и потребата за добро образование и пари.

Младите во општината ја гледаат својата шанса за просперитет само доколку им се овозможат соодветни услови за вработување или пак да ги докажат своите претприемнички способности. Општината треба да превземе мерки во следниве насоки:

**ЦЕЛ: Унапредување, зголемена информираност и искористување на можностите за создавање бенефиции за вработување и претприемништво на локално ниво за младите**

- Имплементација на мерки за зголемување и унапредување на вештините на младите за нивна зголемена вработливост и конкурентност на пазарот на трудот, и зголемена способност за да можат да одговорат на предизвиците на работните места
- Информирање и поддршка на младите за можностите за вработување и самовработување на млади преку соработка со надлежни институции
- Поддршка и развој на волонтерството во рамки на општината
- Овозможување на социјални бенефиции за млади за унапредување на квалитетот на нивниот живот во општината

## 2. Приоритетна област – Образование и обука

Образованието завзема клучен дел од животот на младите, поголем дел од денот тие го поминуваат во ученичките или пак студентските клупи. Секако ова допринесува младите јасно да ги согледаат бенефициите од соодветно и квалитетно образование. Ова е воедно и вториот стратешки приоритет кој треба да биде во фокус на општина Крива Паланка, која треба да превземе иницијатива во изнаоѓањето на соодветни решенија во однос на образованието на локално ниво.

**ЦЕЛ: Формално и неформално образование кое ќе ги задоволи интересите на младите и ќе ја поттикнува нивната креативност и позиција во општеството**

- Локалната самоуправа и раководството на средните училишта да спроведуваат консултативни состаноци со бизнис заедницата за да се испитаат можностите за инволвирање на бизнисот во спроведување на практичната настава преку преземање на практиканти и вклучување на бизнисмени и менаџери со нивното искуство во спроведување на практичната настава.
- Локалната самоуправа да ги поддржи училиштата во пристапот до меѓународни фондови и во нивната соработка со граѓанските организации.
- Поттикнување на соработката помеѓу образовните институции и младинските организации со намера да се обезбеди надополнување на формалното образование со неформални методи на образование и пристап до сите теми од интерес за децата и младите од најрана возраст.
- Промоција преку средствата за информирање на младите за активностите и можностите кои ги нуди неформалното образование

### 3. Приоритетна област – Младинско учество

Младите на трето место го ставаат и стратешкиот приоритет со кој би им се овозможило учество во донесувањето на одлуки на локално ниво. Учеството на младите во процесите на донесување на одлуки им овозможува на институциите да имаат вклучено и уште едно мислење, односно мислењето на младите за кои впрочем се однесуваат тие политики. Меѓутоа, само со нивното вклучување не се исцрпува целта за учество, туку напротив тоа е процес во кој младите ги идентификуваат своите потреби, бараат решенија, планираат и имплементираат активности и имаат можност да носат одлуки во своите заедници и општеството во целина. Неопходно е младите активно да учествуваат во донесувањето на сите одлуки.

**ЦЕЛ: Зголемено учество на младите во креирањето, донесувањето и имплементацијата на јавни политики, преку поддршка на сите форми на младинско организирање на локално ниво**

- Воспоставување канали за редовна едномесечна комуникација помеѓу младите и општината и Младинскиот Совет за информирање за активностите
- Широка промоција и информирање на младите од Општина Крива Паланка за редовните средби и седници на Младинскиот Совет
- Воспоставување на „задолжителни мислења за Младинскиот Совет“ од страна на младите и младинските организации за подготовка и имплементација на јавни политики
- Зголемено демократско учество на младите во процесите на донесување на одлуки во образовните процеси (средношколско ученичко здружување и организирање)
- Воспоставен систем на средношколско организирање
- Воспоставени канали за редовна консултација меѓу студентите, средношколците (и сите останати категории млади) со Младинскиот Совет

### 4. Приоритетна област – Миграција

На исто ниво со младинското учество е и стратешкиот приоритет за горечкиот проблем со миграцијата на младите. За Младинскиот Совет особено ќе е важно во следниот период да се посвети кон подлабинско истражување за овој проблем, како би можел најдобро да им помогне

на општинските власти соодветно да одговорат на овие предизвици. Она на што Општината и Младинскиот Совет - во ефикасна и континуирана соработка со локалните власти, државните институции, како и образовните инстиуции - треба да се фокусираат во наредниот период обезбедувајќи подобри услови за младите за поквалитетен живот и многу повеќе можности за надградување на нивното знаење, за да да ги задржат младите во локалната заедница. Резултатот на овие активности би бил, покрај задржувањето на младите во локалната заедница, и враќање на младите после процесот на студирање.

**ЦЕЛ: Намалена миграција на младите од Крива Паланка преку поддршка и промоција на активности за подобрување на нивниот квалитет на живот**

- Намалена миграција на млади која е поттикната од економски причини
- Таргетирање на потребите на младите во општината за спроведување на соодветни мерки за спречување на иселувањето на младите во општината
- Унапредување на квалитетот на живот на младите во Општина Крива Паланка во текот на образованиот процес, но и по неговото завршување

## 5. Приоритетна област – Здравје, благосостојба и здравствена превенција

Согласно Националната стратегија за млади, доброто здравје во адолесценцијата е од централно значење за благосостојба и основа за добро здравје подоцна во животот. Сепак, ние не инвестираме доволно во превенција и рана интервенција со млади луѓе на возраст од 15-29, па кога проблемите ќе се јават, тие се соочуваат со бариери во пристапот до соодветна грижа. Младите од Крива Паланка како 5$^{ти}$ приоритет за наредниот период го сметаат токму овој предизвик. Во општината, останува да се излезе во пресрет на потребата за повеќе младински пријателски сервиси/услуги и врснички поддршки, повеќе работна сила за обука на развој на адолесцентната група и подобро разбирање на принципот на доверливост.Особено важен сегмент од прашањата за здравствена заштита на млади треба да биде и репродуктивното здравје, а исто така мора да се обрне внимание на справувањето со присуство на девијантни појави кај младите, безбедноста во заедницата и безбедноста во училиштата.

**ЦЕЛ: Зголемување на информираноста и промоција на здрави животни навики меѓу младите**

- Информирање на младите од Општина Крива Паланка за правата на здравствена заштита и осигурување и обврските кои произлегуваат од нив
- Промоција и едукација на младите за здрави животни навики
- Превенција на девијантни појави меѓу младите во Крива Паланка преку координирана соработка со надлежните институции (здравствени установи, училишта) и граѓански организации кои работат во областа
- Спроведување на Инфо средби и сесии за подигнување на свесноста и едукацијата на младите за сообраќајната култура

## 6. Приоритетна област – Култура и креативност

Темата култура е особено важна за младите во секоја локална заедница имајќи во предвид дека културниот живот на младите е дел од начинот на кој младите водат квалитетен живот и се развиваат во рамките на својата заедница. Во секоја локална зедница, културниот живот има различен опфат во зависност од можностите, инфраструктурата и понудата на настани кои се реализираат. Но секоја општина мора да се грижи за развојот на културата во својата заедница, согласно законските прописи.

Унапредувањето на културниот живот на младите во Крива Паланка е на место број 6 по приоритетност.

**ЦЕЛ: Поттикнување и поддршка на културни настани и развој на неформално образование со културно-уметнички приод**

- Вклучување на младите при донесувањето на одлуки за креирање на кутлурните програми во рамки на Општина Крива Паланка
- Зголемена информираност на младите за културните настани организирани во општината
- Курсеви за стекнување со практично знаење (пр. часови за цртање, свирење на инструмент, пеење, фотографија, танц и сл.)

## 7. Приоритетна област – Социјални стандарди и социјално вклучување

Мерките за зголемување на социјалниот стандард и осамостојување на младите во Крива Паланка се седмиот приоритет кој се предвидува во оваа Нацрт Стратегија. Овозможувањето

сопствено место за живеење е циклус од животот кај младите којшто директно зависи од нивната вработеност и стандардот што го имаат. Во изминатите години се воведоа и мерки од страна на централната власт кои се наменети за овозможување сопствен дом за младите и за младите брачни парови[3]. Овие можности особено се битни ако се земат предвид податоците од истражувањата во кои речиси 80% од младите кои имаат над 18 години сè уште живеат со своите родители, додека 14,5 % од нив кажале дека живеат со партнер, а само 3,2 % дека живеат сами. Причините, главно, се од практична природа или, пак, нема особени причини зошто младите сеуште живеат со своите родители: 35 % од испитаните млади рекле дека живеат со родителите од практични причини и исто толку не навеле некоја посебна причина за живеењето со родителите[4].

За предвидување и примена на активностите за оваа област во стратегијата, Младинскиот совет ќе се соочи со големи предизвици, пред сé ако се земе предвид дека темата младинско вработување е еден од најбитните и најсериозните предизвици со кои се соочува земјата. Сепак, соодветната промоција на мерките за вработување и за самовработување, како и пристигнувањето на овие информации до сите млади, ќе бидат една од задачите на Општина Крива Паланка во наредниот период.

**ЦЕЛ: Унапредување, зголемена информираност и искористување на социјалните бенефиции на локално ниво од страна на младите**

- Информирање и поддршка на младите за искористување на можноститеза домување на млади и млади брачни парови во Општина Крива Паланка.
- Овозможување социјални бенефиции за млади за унапредување на нивниот квалитет на живот во Општина Крива Паланка.
- Воспоставување соработка со надлежните институции за надминување на младинските состојби и унапредување на положбата на младите.

## 8. Приоритетна област – Информираност

За младите во Општина Крива Паланка, може да се заклучи дека информираноста на младите не е на високо ниво, и е различна во зависност од темата која се опфаќа, а не е систематизарана и константна. Токму заради овој факт, потребни се заложби и плански активности од страна на општината со кои би се подобрила оваа состојба. Дополнително, не постојат центри или установи

[3] Проект „Купи куќа, купи стан“, www.kupikukakupistan.gov.mk
[4] Топузовска-Латковиќ М. и др., „Студија за младите во Република Македонија“, Фондација Фридрих Еберт 2013, достапна на www.fes.org.mk/pdf/pub-mk-13.pdf

кои на едно место можат да обезбедат голем број на информации кои ќе им бидат на располагање на младите. Младинскиот Совет на општината треба ова да го преземе како еден од своите приоритети во наредниот период. Во иста насока, како дел од оваа стратегија треба да биде анализирана и обработувана запознаеноста на младите со работата на општинските власти и Младинскиот Совет на Општина Крива Паланка, но и со потребите од еднаквост и рамноправност во локалната заедница по сите основи.

**ЦЕЛ: Квалитетно и навремено информирање на младите за активностите на младинските организации и институциите на локално ниво преку посебна информативна алатка**

- Зголемена информираност на младите од Општина Крива Паланка за работата на Општината, нејзините тела, локалните и државните институции и можностите за услуги и соработка
- Зголемена информираност и соработка на младите од Општина Крива Паланка со институции на локалната и централната власт
- Воспоставување соработка/платформа меѓу Советот на млади, организациите и институциите за да може младите на едно место да ги пронајдат сите неопходни информации за остварување на своите права и квалитетен живот

## 9. Приоритетна област – Урбанизам

Кога станува збор за оваа област (урбанизам) Општината треба да овозможи огромна поддршка која може да се канализира преку Младинскиот Совет, но треба да се земат во обзир ограничените можности кои ги има Советот во рамките на оваа област. Тука ќе биде изразена потребата од поинтензивно застапување и лобирање на Советот за унапредување на моменталната ситуација и потребите на младите во однос на овозможениот физички простор во рамките на општината.

Инфраструктурата во рамките на локалната заедница им е потребна на младите во секоја област, која е дел од обработка на оваа стратегија.

Испитаниците во своите одговори највеќе апелираат за потребата од зелени површини и паркови кои редовно се чистат и одржуваат. Просторите со зелена површина ќе овозможат не само дружење меѓу младите, туку и почиста средина, почист воздух, како и развивање и поттикнување на здрави навики кај младата популација, што е особено битно ако се земат предвид сите наоди презентирани во делот „Здравје и благосостојба и здравствена превенција“.

**ЦЕЛ: Унапредување на физичките простори за движење и дружење на сите млади вклучувајќи ги и младите со посебни потреби**

- Овозможување и унапредување на проекти кои ќе придонесат до подобри услови за остварување на правата на младите и нивниот квалитет на живот (уредување и поставување нова опрема во локалните паркови).
- Предвидување на соодветни мерки за унапредување на одредени урбанистички решенија во функција на потребите на младите преку иновативни и креативни акции, со цел да може целиот простор да се доближи до младинските потреби и младите.
- Прилагоден пристап до јавните институции, општината, Советот на млади и училиштата за лица со телесна попреченост

# 10. Приоритетна област – Спорт и рекреација

Спортот е повеќе од игра, тој претставува одлична алатка за промоција на социјалната инклузија, родова еднаквост, економски развој, здрав начин на живот и подобар живот. Партнерството „Спорт за сите“ е организирано со цел да се ангажираат сите значајни засегнати страни во регионот и да се опфатат сите неопходни области на спортот, кои се одвиваат од ниво на локално ниво до регионални спортски тела, ставајќи главен акцент на општина Крива Паланка и нејзината локална стратегија за спорт за развој.

Во согласност со општата цел да се подобри социјалната вклученост и кохезијата на младите од обесправените подрачја во Крива Паланка, со цел да се подобрат можностите за неформално образование, како и да им се даде можност активно да учествуваат во развојот на спортските индустрии во регионот, Стратегијата спорт за развој предвидува две фази на делување:

ФАЗА I РЕЗУЛТАТИ- таргетирање на загрозените деца и млади

1. Развиен локален капацитет во областа за неформално образование и спортски програми како алатка за промовирање на социјалната вклученост и социјалната кохезија.

2. Подобрена инфраструктура во областа за спортски програми за обесправените млади од Крива Паланка.

3. Подобрени социјални вештини и физичка кондиција на обесправените млади во Крива Паланка.

4. Подигната свест во заедницата за потребата од вклучување на загрозените млади во секојдневниот градски живот преку спортски програми.

ФАЗА II РЕЗУЛТАТИ - насочени кон сите млади во Крива Паланка

1. Заеднички спортски програми со обете обесправени млади и привилегирани млади од градот со цел да се создадат долготрајни пријателства.

2. Подобрена инфраструктура која ги поврзува и ги обединува двете групи на млади во заеднички урбани спортски места.

3. Подобрени социјални вештини на сите млади во градот во однос на социјалното вклучување на загрозените млади.

4. Подигната свест кај младите во градот за социјално вклучување на загрозените млади.

**ЦЕЛ: Промоција на спортот и спортските капацитети во Крива Паланка со цел развој на спортската понуда и спортскиот сектор со акцент на спортски програми за социјална инклузија на маргинализираните млади како и нивното вработување.**

- Создавањето Локално стратешко партнерство за Спорт за развој во кое членуваат релевантни засегнати страни во општината поддржано од важни засегнати страни на национално ниво со цел споделување позитивни практики и надоградба.
- Градење на капацитети за социјално вклучување на младите преку спорт и промоција на градење на мирот, пријателството, соработката и инклузивните вредности на сите нивоа на општеството и креирање на одржлива база на обучувачи, ментори, млади лидери кои ќе го искористат стекнатото знаење за Спорт за развој и ќе го инкорпорираат во сопствените училишта, клубови и младински центри со што ќе придонесат кон развојот на истите.
- Застапување и промоција на спортот како алатка за развој на заедницата и можностите за младите во неа, особено во област на социјална инклузија и развој на спортската понуда во градот, поддржана со стратегија за кревање на свеста на локално и национално ниво

## МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Подготовката на секој стратешки документ во себе предвидува и планирање на процес за мониторинг и евалуација на фазата на спроведување на предвиденото. Токму затоа Младинскиот Совет на општина Крива Паланка континуирано ќе соработува со младинските организации и младите заради структуриран мониторинг на имплементацијата на локалната младинска стратегија.

Ова подразбира итно активирање на Младинскиот Совет и ставање на истиот во целосна функција. За потребите на процесот на мониторинг и евалуација, Младинскиот совет заедно со Општината за оваа стратегија редовно ќе подготвува едногодишни акциски планови, кои ќе бидат во согласност со целите во овој стратешки документ. Овие акциски планови ќе бидат подготвувани при консултацијата на младите во Општина Крива Паланка. Дополнително, акциските планови ќе бидат јавни документи достапни на сите оние кои се заинтересирани. Секоја година за реализацијата на акциските планови, воедно и за примената на оваа стратегија, ќе бидат подготвувани соодветни извештаи кои ќе бидат доставени до Советот на Општина Крива Паланка. Овие извештаи, пред сé заради заложбите за соработка со младите и соодветното младинско информирање, Младинскиот совет и Општината ќе ги објавува со цел да ги информира младите за активностите кои биле спроведени дотогаш.

Извештаите и акциските планови редовно ќе се објавуваат и ќе бидат достапни на веб-страницата на општината. Младинските организации ќе имаат можност, доколку се согласни, и на нивните веб-страници да ги објавуваат извештаите и акциските планови за примена на оваа стратегија. Последната година пред завршувањето на важноста на оваа стратегија, Младинскиот совет на Општина Крива Паланка ќе креира и соодветна методологија и начин за да може да спроведе евалуација на сé што е дотогаш спроведено во однос на примената на овој стратешки документ. Оваа евалуација покрај тоа што ќе го измери спроведувањето на стратегијата, ќе треба да го измери и ефектот од неа, а сé со цел подготовка на нов стратешки документ кој ќе одговара на потребите и предизвиците на младите.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Устав http://www.sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx .
- Закон за средно образование.
- Закон за средно стручно образование.
- Национална стратегија за млади 2016-2025.
- Стратегија за локален развој на општина Крива Паланка 2015-20
- Анализа за Националната стратегија за млади 2016-2025.
- Национална стратегија за вработување 2015.
- Акциски план за вработување на младите 2015 година.
- Неформалното образование во Република Македонија: Состојби и перспективи, Буова Е., Додовски И., МКЦ Битола 2009
- Студија за младите во Република Македонија, Топузовска-Латковиќ М. и др., Фондација Фридрих Еберт 2013.
- Младински трендови во Република Македонија, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, декември 2014 година.
- Младински потреби и младинско организирање во Република Македонија, Коалиција на младински организации СЕГА, ноември 2010.
- www.mon.gov.mk
- www.ams.gov.mk
- www.strategijazamladi.mk
- www.kupikukakupistan.gov.mk

# Табеларен приказ на стратешкиот план за СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ на Општина Крива Паланка (2019 – 2024)

# Табеларен приказ на стратешки план за СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ на Општина Крива Паланка (2019 – 2024)

## СТРАТЕШКА МАТРИЦА

## (2019 – 2024)

**Визија**

**Крива Паланка е град кој нуди разновидни можности и бројни перспективи за младите, а младите имаат високо изградена општествена свест и граѓанска одговорност, при што самостојно ја креираат својата иднина, промовираат позитивни вредности и се носители на општествениот и економски развој на локално, национално и меѓународно ниво.**

**Мисија**

***„Стратегијата треба да продонесе за зголемување на општествената свест за младинските прашања и потреби, да го разбуди креативниот дух и да го поттикне активизмот кај младите, а воедно да придонесе кон зголемување на можностите и подобрување на капацитетите на младите луѓе во Крива Паланка“***

**Приоритетна Стратешка област – МЛАДИНСКО ВРАБОТУВАЊЕ**

| | Стратешка цел | Проблем / Приоритет | Активност | Временска рамка | Ресурси (материјални и човечки) | Индикатори | Одговорен (институции организации, лице) | Мониторинг/ евалуација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Унапредување, зголемена информираност и искористување на можностите за создавање бенефиции за вработување и претприемништво на локално ниво за младите** | 1.1 Имплементација на мерки за зголемување и унапредување на вештините на младите за нивна зголемена вработливост и конкурентност на пазарот на трудот, изголемена способност за да можат да одговорат на предизвиците на работните места | - Изработка на младинска развојна програма за вработување на млади; | 2020 - 2021 | / | Изработена програма | Одделение за ЛЕР | Работна група – тим за реализација на стратешките цели (претставници на млади и претставници на ЕЛС) |
| | | | - Формирање на бизнис акцелератор и за брз развој на бизнис идеи на младите претприемачи; | 2022 | / | Формиран бизнис акцелератор | Одделение за ЛЕР | |
| | | | - Формирање на бизнис инкубатори за одржлив развој на микро, мали и средни претпријатија формирани од страна на млади. | 2021 | / | Формиран биснис инкубатор | Одделение за ЛЕР | |
| | | | - Отворање на канцеларија за бесплатен консалтинг на млади претприемачи за развој на проекти од областа на бизнисот; | 2021 | / | Отворена канцеларија | Одделение за ЛЕР | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | - Отпочнување на иницијатива за воведување на дуално образование за развивање на претприемачките вештини уште од најрана возраст; | 2019 - 2023 | / | Организирани состаноци, остварени средби, фотографии од настани | Одделение за ЛЕР | |
| | | | - Воспоставување на мрежа на локалните млади претприемачи | 2020 - 2022 | / | Основана мрежа | Одделение за ЛЕР | |
| | | | Зголемена улога на приватниот сектор во образованието за претприемништво | 2019 - 2024 | / | Најмалку 20 студиски посети | Одделение за ЛЕР | |
| | | 1.2Информирање и поддршка на младите за можностите за вработување и самовработување на млади преку соработка со надлежни институции | - Иницијатива за отварање на асоцијација на млади претприемачи за организирано застапување на потребите и интересите на локалните млади претприемачи пред релевантните институции; | 2020 | / | Формирана асоцијација | Одделение за ЛЕР | Работ на група – тим за реализација на стратешките цели (претставници на млади и претставници на ЕЛС) |
| | | | - Менторска програма за координација на активностите за | 2019 2024 | / | Најмалку три поднесени иницијати | Одделение за ЛЕР | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | организирање на групно застапување на локалните млади претприемачи; | | | ви | | |
| | | | - Изработка на Студија за подршка на организираното застапување на младите претприемачи на локално и национално ниво | 2021 | 60000 денари | Изработе на студија | Одделение за ЛЕР | |
| | | | - Организација на саеми за вработување на млади лица, како и следење на национални и меѓународни саеми од ваков | | 30000 денари | Организиран саем | Одделение за ЛЕР | |
| | | 1.3 Поддршка и развој на волонтерството во рамки на Општината | - Изработка на Програма за промоција на практикантство и волонтерството на младите во претпријатија на локално и национално ниво; | 2021 | / | Изготвена програма | Одделение за ЛЕР | Работ на група – тим за реализација на стратешките цели (претставници на млади и претставници на ЕЛС) |
| | | | - Изработка на Програма за мобилност и размена на млади квалификува | 2022 | / | Изготвена програма | Одделение за ЛЕР | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ни кадри на локално, регионално, национално и меѓународно ниво; | | | | | |
| | | | - Организирање на Обуки за вештини и дополнително знаење и искуство на младите претприемачи; | 2019 - 2024 | 60000 денари | Реализирани 5 обуки со учество на 100 лица | Одделение за ЛЕР | |
| | | | - Поттикнување на младите во зачувување на локалните занаети; | 2019 - 2024 | / | Најмалку 5 нови вработени во областа на занаетчиството | Одделение за ЛЕР | |
| | | | - Подршка на проекти од областа на интергенерациската соработка за учење на вештини, | 2019 - 2024 | / | | Одделение за ЛЕР | |
| | | 1.4 Овозможување на социјални бенефиции за млади за унапредување на квалитетот на нивниот живот во општината | - Обуки за зајакнување на капацитетите за личен ангажман на младите претприемачи за застапување на своите потреби и интереси; | 2019 - 2024 | 120000 денари | Најмалку 3 организирани обуки | Одделение за ЛЕР | Работна група – тим за реализација на стратешките цели (претставници на млади и претставници на ЕЛС) |
| | | | - Изработка на програма | 2021 | / | Изработена | Одделение | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | за јакнење на личните капацитети на младите претпиемачи , примена и усогласеност со правната регулатива и пристапот до средства за финансирањ е на бизниси; | | | програма | за ЛЕР | |
| | | | - Стимулирањ е / субвенциони рање на оригинални бизнис модели; | 2019 - 2024 | 360000 денари | Изготвени критериу ми; поднесен и апликаци и | Одделение за ЛЕР | |

## Приоритетна Стратешка област – ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

| | Стратешк а цел | Проблем / приоритет | Активност | Временска рамка | Ресурси (материја лни и човечки) | Индикатор и | Одговоре н (институц ии организац ии, лице) | Монитори нг/ евалуациј а |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Формално и неформал но образован ие кое ќе ги задоволи интересит е на младите и ќе ја поттикнув а нивната креативно ст и позиција во општество то** | 1.1 Училишта кој што во целост не ги задоволуваат просторните услови, има неедоволно опремени кабинети и лабаратории и библиотеки | Анализа на просторните можности во УСО за изведување на кабинетска настава | 2019 - 2020 | / | Број на запишани ученици, број на паралелки и просторни услови | Општина Крива Паланка, МОН, СОУ Ѓорче Петров | Работна група – тим за реазлизациј а на стратешкит е цели |
| | | | Анализа на потребите од нагледни средства и лабараториска опрема | 2019 – 2020 | / | Извештаи од анализите на СОУ Ѓорче Петров | Општина Крива Паланка, МОН, СОУ Ѓорче Петров | |
| | | | Опремување на кабинетите со нагледни средства и лабараториите со соодветна опрема | 2019 – 2024 | 600000 денари | Број на опремени кабинети и лабаратории; Резултати од постигнувањ а на учениците | Општина Крива Паланка, МОН, СОУ Ѓорче Петров | |
| | | | Обновување и збогатување на библиотечниот | 2019 - 2024 | 100000 | Број на нови книги во библиотекит | Општина Крива Паланка, | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | фонд со стручна и слободна литература која ги задоволува потребите и барањата на младите | | денари | е | МОН, СОУ Ѓорче Петров | |
| | | 1.2 Потреба од поголема практична настава и воведување на ефикасна професионална пракса | Подобрување на практичната настава преку градење на подобри врски помеѓу училиштето и бизнис секторот | 2019 - 2024 | / | Анализи од испитување на пазарот на труд, број и тип на образовни профили | Општина Крива Паланка, МОН, СОУ Ѓорче Петров | Работна група – тим за реазлизација на стратешките цели |
| | | | Организирање на професионална пракса за учениците во бизнис секторот | 2019 - 2024 | / | Број на стопански субјекти во кои се изведува пракса | Општина Крива Паланка, бизнис сектор, СОУ Ѓорче Петров | |
| | | 1.3 Недоволна вклученост на неформално образование во едукација и градење на капацитети кај младите | Промоција преку средствата за информирање на младите за активностите и можностите кои ги нуди неформалното образование | 2019 - 2024 | / | 500 промотивни флаери, Број на одржани работилници | Општина Крива Паланка, Младински совет, ГО, СОУ Ѓорче Петров | Работна група – тим за реазлизациј а на стратешките цели |
| | | | Воспоставување на партнерство за соработката помеѓу образовните институции и младинските организации во насока да се обезбеди надополнување на формалното образование со неформални методи на образование | 2019 - 2024 | / | Потпишан меморандум за соработка, број на реализирани состаноци, слики од состаноци | Општина Крива Паланка, Младински совет, ГО, СОУ Ѓорче Петров | |
| | | | Локалната самоуправа да ги поддржи училиштата во пристапот до меѓународни фондови и во нивната соработка со граѓански | 2019 - 2024 | / | Број на аплицирани и број на реализирани проектни активности финасирано од донатори | Општина Крива Паланка, Младински совет, ГО, СОУ Ѓорче Петров | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | организации | | | | | |

## Приоритетна Стратешка област – МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

| | Стратешка цел | Проблем / Приотитет | Активност | Временска рамка | Ресурси (материјални и човечки) | Индикатори | Одговорен (институции организации, лице) | Мониторинг/ евалуација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Зголемено учество на младите во креирањето, донесувањето и имплементацијата на јавни политики, преку поддршка на сите форми на младинско организирање на локално ниво** | 1.1 Неактивен и нефункционален и нетранспарентен Совет на млади, без дефинирана улога и задачи | Редовна едномесечна комуникација помеѓу младите , општината и Младинскиот Совет за информирање за активностите | 2019 - 2020 | / | Одржани состаноци, реализирани средби , спроведени активности | Одделение за ЛЕР – одговорен за млади, младински совет | Работна група – тим за реазлизација на стратешките цели (претставници на млади и претставници на ЕЛС) |
| | | | Широка промоција и информирање на младите од Општина Крива Паланка за редовните средби и седници на Младинскиот Совет | 2019 - 2024 | / | Број на издадени соопштенија , онлајн објави | Одделение за ЛЕР – одговорен за млади, младински совет | |
| | | | Воспоставување на пракса - „задолжителни мислења за Младинскиот Совет “ од страна на младите и младинските организации за подготовка и имплементација на јавни политики | 2020 | / | Број на остварени средби, број на покренати иницијативи | Одделение за ЛЕР – одговорен за млади, младински совет | |
| | | 1.2 Незаинтересираност од страна на младите, особено средносшко | Воспоставување на механизми за поголема вклученост и учество на младите во процесите на | 2019 - 2024 | / | Број на реализирани состаноци и активности на средношкол | Младински совет, Средношколска унија | Работна група – тим за реазлизација на стратешките цели |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | лци за вклучување во процесите на донесување одлуки и | донесување на одлуки во образовните процеси (средношколско ученичко здружување и организирање) | | | ската унија | | (претставници на млади и претставници на ЕЛС) |
| | | | Воспоставен систем на средношколско организирање и застапување | 2019 - 2024 | / | Иницијативи и активности спроведени од младите | Младински совет, Средношколска унија | |
| | | | Воспоставување канали за редовна консултација меѓу студентите, средношколците (и сите останати категории млади) со Младинскиот Совет | 2019 - 2024 | / | Број на одржани состаноци | Младински совет, Средношколска унија | |

## Приоритетна Стратешка област – МИГРАЦИЈА

| | Стратешка цел | Проблем / Приоритет | Активност | Временска рамка | Ресурси (материјални и човечки) | Индикатори | Одговорен (институции организации, лице) | Мониторинг/ евалуација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Намалена миграција на младите од Крива Паланка преку поддршка и промоција на активности за подобрување на нивниот квалитет на живот** | 1.1<br><br>Миграција на млади која е поттикната од економски причини | 1.1.1 Промоција на активните мерки за вработување | 2019 – 2024 | / | 100 млади лица информирани за можностите кои има се отворени се мерките за вработување | Одделение за ЛЕР во ЕЛС, ГО,<br><br>АВРМ | Работна група – тим за реализација на стратешките цели (Младински совет, претставници на млади, ГО и ЕЛС ) |
| | | | 1.1.2 Работилници за едукација на млади претприемач | 2019 – 2024 | 150000<br><br>денари | 5 реализирани работилници ; 50 млади лица | Одделение за ЛЕР во ЕЛС | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | и | | | едуцирани за основи на претприем аштвото | | |
| | | | 1.1.3 Воведување на мерки за поддршка на млади бизнисмени | 2019 – 2024 | 2400000 денари | Воведени стимулативни мерки на локално ниво | Одделение за ЛЕР во ЕЛС | |
| | | 1.2 Таргетирање на потребите на младите во општината за спроведување на соодветни мерки за спречување на иселувањето на младите во општината | 1.2.1 Студија за таргетирање на потребите на младите | 2019 - 2021 | 60000 денари | Изработена студија за потребите и очекувањата на младите во Крива Паланка | Одделение за ЛЕР во ЕЛС | Работна група – тим за реализација на стратешките цели (Младински совет, претставници на млади, ГО и ЕЛС ) |
| | | | 1.2.2 Воспоставување на денови за собирање на идеи и предлози од младите | 2019 – 2020 | / | | Одделение за ИТ и ЛЕР во ЕЛС | |
| | | 1.3 Унапредување на квалитетот на живот на младите во Општина Крива Паланка во текот на образованиот процес, но и по неговото завршување | 1.3.1 Активирање на советот на млади со дефиниран сет на активности и задачи | 2019 | / | 10 одржани состаноци и најмалку две реализирани активности | Одделение за ЛЕР во ЕЛС | Работна група – тим за реализација на стратешките цели (Младински совет, претставници на млади, ГО и ЕЛС ) |
| | | | 1.3.2 Промоција на можностите и едукација на младите и институциите за младинска мобилност | 2019 – 2024 | / | 50 запознаени млади со програмите за младинска мобилност; 10 млади посетиле тренинг курс | Одделение за ЛЕР во ЕЛС, ГО и СОУ | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | надвор од Македониј а | | |
| | | | 1.3.3 Воспоставување на младински центар/клуб | 2019 – 2024 | 3000000 денари | Отворен фунционален младински клуб | Одделение за ЛЕР во ЕЛС | |
| | | | 1.3.4 Промоција на волантерството и поголема вклученост на младите во постојните случувања/активности, настани на локално ниво | 2019 - 2022 | / | 10 % поголема вклученост на младите во волонтерски активности на локално ниво | Одделение за ЛЕР во ЕЛС, ГО и СОУ | |

## Приоритетна Стратешка област – ЗДРАВЈЕ, БЛАГОСОСТОЈБА И ЗДРАВСТЕВЕНА ПРЕВЕНЦИЈА

| | Стратешка цел | Проблем / Приоритет | Активност | Временска рамка | Ресурси (материјални и човечки) | Индикатори | Одговорен (институции организации, лице) | Мониторинг/ евалуација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Зголемување на информираноста и промоција на здрави животни навики меѓу младите како и подигнување на свеста за репродуктивното здравје и воопшто здравјето на младите** | 1.1 Неинформираност на младите од Општина Крива Паланка за правата на здравствена заштита и осигурување и обврските кои произлегуваат од нив | 1.1.1 Подготовка на едукативен/ промотивен материјал во електронска форма и негова широка дистрибуција преку електронските медиуми до целните групи | 2019-2020 | 20000 денари | Пополнети анкетни прашалници од целните групи | Раководител на одделение за ЈД, ИТ и ЛЕР во ЕЛС | Работна група – тим за реазлизација на стратешките цели (претставници на млади и претставници на ЕЛС) |
| | | 1.2Промоција и едукација на младите за здрави животни навики | 1.2.1 Организирање на работилница – едукативно предавање за важноста на | 2019-2020 | 20000 денари | Подигната свеста на младите за 50 % за важноста од | Раководител на одделение за ЈД, ИТ и ЛЕР | Работна група – тим за реазлизација на стратешките цели (претставници на млади и |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | животните навики на нладите | | | практикување на здрав живот и здрави животни навики. ( Број на дирекни учесници во буките број на индирекни учесници , анкетни прашалници) | во ЕЛС | претставници на ЕЛС) |
| | | 1.2.2 Подготовка на аудио и видео материјал од едукативното предавање | 2019-2020 | 6000 денари | Изработено и промовирано видео | | |
| | | 1.2.3 Широка дисеминација на едукативниот материјал (аудио и видео снимка) преку електронските медиуми до целните групи | 2019-2020 | 2000 денари | Објава во локален медиум; | | |
